**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-294/2**
**23.02.2018 година**
**Д е л ч е в о**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната Петтата седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на ден 23.02.2018 година (вторник), во салата на ООУ „Ванчо Прке"со почеток во 14.20 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Вице Стоиловски
7. Кирил Тренчевски
8. Ванчо Велиновски
9. Катица Трајкова Тасева
10. Славица Димитрова
11. Сашко Јовановски
12. Кристи Стојковски
13. Дијана Јосифовски
14. Билјана Ѓеоргиевска

Оправдано отсутен беше Николчо Ситновски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски-претседател на Советот на Општина Делчево, кој за 5-тата седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

**Дневен ред**

**-Усвојување на Записникот од Четвртата седница**

1.Предлог-Одлука за финансиско учество и приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;

2.Предлог-Одлука за финансиско учество во проект и давање на приоритетен предлог проект по Програмата за развој на селата за 2018 година;

**Образлагач**:Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР.

**3**.**Предлог-Правилник** за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани;

4.Предлог-Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош;

**Образлагач**: Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи.

5.Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2017 година, за квартал 4, со Заклучок за усвојување;

6. Предлог-Одлука за вршење на траен отпис на даночна обврска-комунална такса за истакната фирма во општина Делчево;
7.Предлог-Одлука за вршење на отпис на побарување од купувачи;
8.Предлог-Одлука за вршење на отпис на обврски спрема добавувачи;

9.Предлог-Одлука за вршење на отпис на застарени обврски спрема добавувачи;
**Образлагач**:По точките 5,6,7,8 и 9-Шабан Багашов-Одговорен сметководител во Општина Делчево.

10. Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Стојан Димитровски-Командир на Полициска станица од општа надлежност Делчево.

11.Предлог-Решение за именување на членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на општина Делчево;

**Образлагач:** Сузана Петровска-Ракоодител на Одделението за правни и општи работи и јавни дејности.

12.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Анка Костадиновска;

13. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Санде Мирчевски;

14.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Атанас Узунски;

15.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа по барање на Магда Атанасова;

16. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат доградба на станбена куќа по барање на Атанас Узунски;

17.Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв извод „Хотел" изградба на 10(20) КВ кабелски вод на делница „ТС Хотел-ТС Чимеви Бавчи"-Делчево;

18.Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Фекална канализација која поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојната населба покрај локалниот пат Л-2 од Делчево-с.Киселица-с.Вратиславци во Делчево;

19.Предлог-Одлука за изработка на урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв „Ново Делчево"-ул. „Пере Тошев"-Делчево;

20. Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв извод „Хотел" изградба на 10(20) КВ кабелски вод на делница „ТС Стара Кожара"-ТС Културен дом, столб пред р.Бреагланица-Делчево;

**Образлагач**: По точките 12 до 20- Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам.

21.Годишен извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во општина Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

22.Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за управување со отпад во општина Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

23.Програма за одржување на јавна чистота во Општина Делчево за 2018 година.

**Образлагач:** Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина.

24.Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈЛБ „Илинден"-Делчево бр.02-18/2 од 12.02.2018 година.

**Образлагач**: Биљана Петровска-ВД Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево.

25.Полугодишен извшетај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2017/2018 со Заклучок за усвојување.

**Образлагач**: Горан Димитровски-ВД Директор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, за збор се јави претседателот на Советот и ги информираше членовите на Советот дека денешната седница се дополнува со уште две точки и тоа:

-Предлог-Одлука за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности и

-Предлог-Одлука за изменување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година.

Според тоа со предлозите за дополнување на дневниот ред со уште 2 точки за 5.седница на Советот на Општина Делчево, тој го предложи следниот

**Д н е в е н   р е д**

**-Усвојување на Записникот од Четвртата седница**

1**.**Предлог- Одлука за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.
**Образлагач**: Драган Балас-Раководител на Регионалниот центар за управување со кризи.
2.Предлог-Одлука за финансиско учество и приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;

3.Предлог-Одлука за финансиско учество во проект и давање на приоритетен предлог проект по Програмата за развој на селата за 2018 година;

**Образлагач**:По точките 2 и 3- Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР.

**4**.**Предлог-Правилник** за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани;

5.Предлог-Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош;

**Образлагач**:По точките 4 и 5- Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи.

6**.**Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2017 година, за квартал 4, со Заклучок за усвојување;

7. Предлог-Одлука за вршење на траен отпис на даночна обврска-комунална такса за истакната фирма во општина Делчево;
8.Предлог-Одлука за вршење на отпис на побарување од купувачи;
9.Предлог-Одлука за вршење на отпис на обврски спрема добавувачи;
10.Предлог-Одлука за вршење на отпис на застарени обврски спрема добавувачи;
**Образлагач**:По точките 6,7,8, 9 и 10-Анка Христова-Раководител на Одделението за финансирање и буџет.

11. Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Стојан Димитровски-Командир на Полициска станица од општа надлежност Делчево.

12.Предлог-Решение за именување на членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на општина Делчево;

**Образлагач:** Сузана Петровска-Ракоодител на Одделението за правни и општи работи и јавни дејности.

13.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Анка Костадиновска;

14. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Санде Мирчевски;

15.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Атанас Узунски;

16.Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа по барање на Магда Атанасова;

17. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат доградба на станбена куќа по барање на Атанас Узунски;

18.Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв извод „Хотел" изградба на 10(20) КВ кабелски вод на делница „ТС Хотел-ТС Чимеви Бавчи"-Делчево;

19.Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Фекална канализација која поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојната населба покрај локалниот пат Л-2 од Делчево-с.Киселица-с.Вратиславци во Делчево;

20.Предлог-Одлука за изработка на урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв „Ново Делчево"-ул. „Пере Тошев"-Делчево;

21. Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв извод „Хотел" изградба на 10(20) КВ кабелски вод на делница „ТС Стара Кожара"-ТС Културен дом, столб пред р.Бреагланица-Делчево;

22.Предлог-Одлука за изменување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година;
**Образлагач**: По точките 13 до 22- Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам.

23.Годишен извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во општина Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

24.Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за управување со отпад во општина Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;

25.Програма за одржување на јавна чистота во Општина Делчево за 2018 година.

**Образлагач:** По точките 23,24 и 25**-** Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина.

26.Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈЛБ „Илинден"-Делчево бр.02-18/2 од 12.02.2018 година.

**Образлагач**: Биљана Петровска-ВД Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево.

27.Полугодишен извшетај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2017/2018 со Заклучок за усвојување.

**Образлагач**: Горан Димитровски-ВД Директор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево.

Претседателот го стави дневниот ред на гласање.
Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 5.седница

**Прва точка-**Предлог- Одлука за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности. Образлагач по оваа точка беше Драган Балас-Раководител на Регионалниот центар за управување со кризи, кој истакна дека оваа одлука се донесува врз основа на член 5 став 2 алинеја 2 од Законот за управување со кризи, како и член 13 и член 14 од од Уредбата за Методологија за изработка на Процената за загрозеност на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената. Процената претставува обврска на општините и истата за првпат е донесена 2014 година, а е ажурирана во 2017 година. Согласно законските прописи Процената мора редовно да се ажурира, а оваа одлука што ќе се донесе денеска е првиот чекор за преземање на активности за нејзино ажурирање. Доколку имате прашања, повелете, рече Драган Балас.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и одлуката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за отпочнување на активности за редовно ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на општина Делчево од сите ризици и опасности.

**Втора точка-Предлог-Одлука за финансиско учество и приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби;**

Образлагач по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР кој рече дека секоја година општините во Македонија можат да аплицираат преку Министерството за локална самоуправа-Бирои за регионален развој по овие 2 програми кои се дадени во двете одлуки, оваа и наредната. Конкретно оваа одлука се однесува на финансиско учество и приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби .Со одлуката се дава приоритет и се утврдува намената на проектот „Изградба на дел од локален пат Л-10 отклон од пат М-5 (нова ознака А3) – Илиово-Турија (делница од с.Турија – с.Трстија)". Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа на Р.Македонија, Биро за регионален развој, а по Програмата за развој на подрачјата со специфични развојни потреби за 2018 година. За реализација на проектот „Изградба на дел од локален пат Л-10 отклон од пат М-5 (нова ознака А3) – Илиово-Турија (делница од с.турија – с.Трстија)"во должина од 1+097.00-2+000.33 метри потребно е да се обезбеди буџет од 5.528.720.79 денари. Општина Делчево ќе партиципира во проектот со 10% од вкупниот буџет, а средствата ќе бидат обезбедени од општинскиот буџет. Се надевам дека оваа година овој проект ќе биде реализиран во 2018 година, рече Т.Стоименовски.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Славица Димитрова која го праша образлагачот од каде се обезбедени средства за овој проект?

Т.Стоименовски рече дека средствата ќе бидат обезбедени од Министерството за локална самоуправа.

Катица Трајкова Тасева го праша образлагачот дали средствата за сопствено учество на општината во износ од 10% се обезбедени во буџетот, т.е дали биле планирани?

Т.Стоименовски рече дека средствата за сопствено учество се планирани во ставката за изградба на локални патишта и улици во буџетот за 2018 година, а не како посебна ставка за оваа одлука.

Кирил Тренчевски праша дали сите проектни активности можат да бидат реализирани во 2018 година?

Т.Стоименовски рече дека овој проект е веќе спремен и затоа се аплицира со него и дека се надева оти во 2018 година целосно ќе се реализира.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиско учество и приоритетен предлог проект за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

**Трета точка-Предлог-Одлука за финансиско учество во проект и давање на приоритетен предлог проект по Програмата за развој на селата за 2018 година;**

Образлагач и по оваа точка беше Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР кој рече дека оваа одлука се однесува на развојот на селата и се аплицира по Програмата за развоја на селата за 2018 година. Општина Делчево овојпат ќе аплицира со проект „Интегрирана сообраќајна површина 2 во с.Габрово од 0,000,00-0+198,90. Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа на Р.Македонија, Биро за регионален развој, а по програмата за развој на селата за 2018 година.За реализација на проектот „Интегрирана сообраќајна површина 2 во с.Габрово од 0,000,00-0+198,90 потребно е да се обезбеди буџет од 1.146.672,57 денари од кои 50% ке бидат обезбедени од буџетот на општина Делчево како финансиско учество во проектот.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренчевски кој побара одговор дали улицата во Габрово се се гради со бекатон или со асфалт, а претседателот на Советот, Драган Маневски праша на кој потег ќер се гради улицата?

Т.Стоименовски рече дека не е баш сигурен, но смета дека уличката ќе биде градена со бекатон имајќи предвид дека е потесна, а се наоѓа кај џамијата во с.Габрово.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиско учество во проект и давање на приоритетен предлог проект по Програмата за развој на селата за 2018 година.

**Четврта точка-Предлог-Правилник за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани;**

Образложение по оваа точка поднесе Ивана Ивановска која истакна дека ваков Правилник се прави за првпат во општина Делчево, истиот е европска пракса и пракса во повеќе општини во Македонија. Во процесот на неговото изготвување се земени предвид предлози од НВО-и и спортските клубови кои функционираат на подрачјето на општина Делчево. Правилникот има за цел транспарентност, јавност во доделувањето на буџетските/општинските пари (парите на граѓаните) на спортските клубови и невладините организации.Со него се уредуваат условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот како и на здруженија на граѓани.Во Буџетот на Општина Делчево за секоја година посебно се предвидуваат средствата кои се доделуваат во вид на:финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија и правни лица во областа на спортот и финансиска помош на здруженија на граѓани.Од предвидените средства од став 1 на овој член, 90% се доделуваат по пат на јавен повик согласно одредбите од овој правилник, додека 10% од предвидените средства од став 1 на овој член се распределуваат со поднесување на барање и тоа во исклучителни ситуации кои се предвидени во член 24 од овој правилник.
Висината на финансиската помош која поединечно може да ја добие спортски клуб, спортско здружение и правни лица во областа на спортот во тековната година по пат на јавен повик

може да изнесува најмногу до 300.000 денари. Во член 7 и 8 е опишана постапката за објавување на јавниот повик, а во член 8  потребните документи кои треба да се поднесат. Јавниот повик трае 15 дена, а целата постапка ќе ја спроведе Комисијата за спорт и на тоа се однесуваат членовите 10,11,12,13,14 и 15. Членот 19 се однесува на склучувањето на договорот за исплата на средства по јавниот повик, а наредните членови се однесуваат на сукцесивната исплата на парите и механизмите за контрола на трошењето на истите ( доставување на полугодишен извештај).

Здруженијата на граѓани можат да поднесат само една пријава за финансиска помош или да поднесат повеќе пријави за финансиска помош во разни области на делување. Доколку здруженијата поднесат повеќе пријави истите можат да добијат финансиска помош само за еден проект или само за програма.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Кирил Тренечевски кој го поздрави донесувањето на овој правилник и рече дека според него во членот 6 не треба да стои дека спортските клубови треба да бидат регистрирани најмалку 2 години пред да аплицираат за доделување на средства бидејќи ги доведува во нерамноправна положба, а исто така може да се случи во текот на годината да оствариле добри резултати.

Влатко Величковски рече дека неговата дискусија е слична на дискусијата за К.Тренечевски, условот значи нееднаков пристап на спортските клубови до општинските пари. Сукцесивната исплата на средства и полугодишниот извештај се доволна гаранција. Комисијата за спорт може да утврди и дополнителни критериуми за спречување на злоупотреба на општинските пари.

Дијана Јосифовски како претседател на Комисијата за спорт рече дека имале седница и изрази благодарност затоа што сите предлози и забелешки се вметнати во Правилникот. Што се однесува до забелешката на К.Тренчевски,таа рече дека тоа како услов било вставено и во текстот на претходниот Правилник. На крајот на дискусијата го изрази своето лично задоволство од донесувањето на овој Правилник и побара од Градоначалникот Комисијата да има увид во сите средства што Општината ќе ги доделува на спортските клубови и здруженија.

Славица Димитрова побара да се измени членот 34 кој се однесува на составот на Комисијата, т.е. во Комисијата што ќе ја формира градоначалникот со решение, да има и претставници на Советот, не само на државните службеници од Општината.

Ивана Ивановсвка истакна дека забелешките и предлозите на советниците се прифатливи и може да има измени во членот 6 и членот 34.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата и по оваа точка беше затворена, а точката беше ставена на гласање со измена на Правилникот во член 6 и 34.

Со 14 гласа „ЗА„, Советот на пштина Делчево го донесе Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување на финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани.

**Петта точка-Предлог-Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош;**

Образлагач и по оваа точка беше Ивана Ивановска-Помлад соработник за нормативно-правни работи која истакна дека со овој Правилник се одредуваат критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош и висината на паричната помош која ја доделува Општина Делчево на физички лица. Право на користење на еднократна парична помош согласно одредбите од овој Правилник можат да остварат само физички лица кои што се жители на Општина Делчево.Во Буџетот на Општина Делчево за секоја година посебно се предвидуваат средствата кои се доделуваат на физички лица во вид на :

1. Еднократна парична помош за социјално загрозени лица;
2. Еднократна парична помош за лекување;
3. Еднократна парична помош за смртен случај;
4. Еднократна парична помош за лица настрадани од природни непогоди;
5. Еднократна парична помош за новороденче;
6. Еднократна парична помош за прво новороденче.

Во членовите 5,6,7,8,9 и 10 подетално е образложена постапката за доделување, како

и потребната документација која барателите треба да ја поднесуваат како би оствариле некоја од наведената парична помош. Доколку имате некои прашања, или, пак предлози, повелете, рече Ивана Ивановска.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави сашко ивановски кој рече дека според него паричните средства кои ќе ги доделува општината за опожарен објект се минимални и треба да се зголемат. Во изминатиов период имавме многу случаи на опожарени објекти и сметам дека сумата од 15.000 денари, не е доволна. Само за пример, Гостивар како општина доделува 400.000 денари за опожарен објект, а ние 15.000 денари. Не треба да ги потценуваме граѓаните, барем тие што останаа тука и сметам дека како општина треба да одвоиме поголема сума на средства за тие работи, рече тој.

Ивана Ивановска рече дека  максималната сума од 30.000 денари предвидена во член 7 на овој Правилник се однесува само на опожарени објекти и е ускладена со финансиските можности на Општината, само за илустрација во претходниот Правилник беше 20.000 денари, што значи дека сега е зголемена за 10.000 денари. Можеби треба да биде повисока, но сепак тоа е во рамкките на финансиските можности на нашата општина. Доколку „не дај боже" има таков случај, оштетената странка има можност да бара поголема сума од Советот на Општина Делчево. Овие правилници се однесуваат само на средствата кои по разни основи со решение ги доделува Градоначалникот на Општината кои тој може да ги доделува без одобрение/согласност на Советот.

Славица Димитрова праша каква потврда треба да доставуваат  барателите на парична помош од Центарот за социјална работа?

Ивана Ивановска рече дека таа потврда треба да ја доставуваат само барателите на парична помош кои се корисници на социјална помош од Центарот за социјални работи, другите не.

Влатко Величковски рече дека паричната помош  доделува на невработени лица или на лица чии вкупни месечни примања во семејството не надминуваат износ од 12.000 денари, што значи дека е поврзана со минималната плата, а тоа значи дека доколку има пораст на минималната плата ќе се менува и тој услов.

Ивана Ивановска рече дека при изготвувањето на Правилникот се раководела токму од тоа и доколку има измена на висинината на минималната плата, ќе има измени и на Правилникот.

Драган Маневски побара од образлагачот сите 3 правилници да бидат објавени на веб страницата на општината за да можат сите заинтересирани да видат под кои услови и со кои документи можат да аплицираат и да се достават до спортските клубови и здруженијата на граѓани.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчев го донесе  Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на еднократна парична помош.

**Шеста точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2017 година, за квартал 4, со Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка поднесе Шабан Багашов кој рече дека во отсуство на рамжководителката А.Христова тој има обврска да даде образложение по овој извшетај. Извештајот во себе ги содржи сите 3 претходни квартали, значи цела 2017 година. Во текот на 2017 година вкупните тековно оперативни приходи биле планирани во износ 68.477.000, а се реализирани 59.866.851 денари, а вкупните тековно оперативни расходи биле пранирани 52.638.000, а се реализирани 44.814.307. Капиталните приходи биле планирани во износ 20.657.000, а се реализирани 7.935.949,00 денари. Вкупните капитални расходи планирани 36.496.000, а реализирани 21,807673. Или во проценти во однос на основниот буџет реализацијата е следна: вкупните тековно оперативни приходи 87%, вкупните тековно

оперативни расходи 85%, вкупни капитални приходи 38%, вкупни капитални расходи 60%.Ако се направи анализа на сите (основниот буџет, наменската достација, самофинансирачките активности, донациите и кредите), реализацијата на приходите на Општина Делчево за 2017 година е 82% или од планирани 238.231.629 се реализирани 196.440.490, а расходите планирани 193.325.275 се реализирани 169.363.218 или 87%. Во извештајот се дадени сите бројки по програми и потпрограми, доколку ве интересира нешто подетално, повелете со прашања, рече Ш.Багашов.

Претседателот отвори расправа по точката.

Процедурално за збор се јави сашко Ивановски кој во името на советничката група на ВМРО ДПМНЕ побара пауза од 5 минути за координација во врска со оваа точка.

По паузата од 5 минути Советот на Општина Делчево продолжи со работа.

Претседателот на Советот на гласање го стави **Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2017 година, за квартал 4, со Заклучок за усвојување;**

**Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвокување на Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2017 година, за квартал 4.**

**Седма точка- Предлог-Одлука за вршење на траен отпис на даночна обврска-комунална такса за истакната фирма во општина Делчево;**

Образложение по оваа точка поднесе Шабан Багашов кој рече дека со оваа одлука се врши траен отпис на комунална такса-фирмарина. Станува збор за фирми од кои 90% речиси никогш не проработиле, односно само биле отворени, а со тоа и задолжени со конмунална такса, а во пракса не проработиле. Вкупниот износ е 3.239.629 денари и во одлуката треба да се додаде дека тоа е сос состојба до 31.12.2017 година.

Беше отворена расправа по точката и претседателот на Советот Драган Маневски рече дека 3.239.629,00 денари се сериозна сума на пари за една општина како Делчево и некој треба да размисли зошто и на кој начин не биле наплатени тие пари. Постои механизам за наплата на побарувањата пред да бидат фирмите ликвидирани и администрацијата/Одделението за финансии и Одделението за правни работи требало да преземат мерки и да ги наплатат побарувањата на општината. Факт е дека е направен пропуст во работата на администрацијата и дека солидна сума на пари не била наплатена, а мозело бидејќи постои механизам. Во иднина треба да се води ред за да не доаѓа до отпис на такви долгови, општина Берово веќе неколку години назад си ги наплатува своите побарувања со присилна наплата или така со поднесување на барање до ЦРМ или деловните банки за да не може да се ликвидира било која фирма пред да биде наплатено побарувањето. Исто така доколку како општина имате ненаплатени побарувања од подружници можете да ги наплатите бидејќи тие долгови не се бришаат, истакна тој.

Шабан Багашов рече дека присилна наплата имало во 2008 и во 2011 година и од тогаш нема.

Дејан Георгиевски рече дека присилната наплата е еден механизам за наплата на побарувања. Во образложението рековте дека 90% од овие фирми никогаш не работели, јас знљам дека речиси 50% од нив работеле, а вие како Одделение не сте ги наплатиле побарувањата, значи дека некој не си ја вршел работата како што треба. Постојат механизми за наплата на побарувањата и би било добро во иднина да се користат сите ссредства и механизми и општината да си ги наплати своите пари. Доколку општината има побарувања од подружници може да ги наплати своите пари без било каков проблем, рече Дејан Георгиевски.

Влатко Величковски рече дека заради неажурност во работењето на одговорното лице во изминатиов период, на Општина Делчево и е нанесено штета од 50.000 евра, пари кои во никој случај не се за потценување и за тоа некој треба да понесе одговорност.

Сашко Ивановски рече дека Советот на Општината не е суд, па да суди дали некој работел или не работел и дали треба да има одговорност или не. Градоначалникот е

одговорен за општинската администрација и тој има надлежност врз работата на администрацијата.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена, а одлуката со измената во сумата и дополнувањето со зборовите:„со состојба до 31.12.2017", беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вршење на траен отпис на даночна обврска-комунална такса за истакната фирма во општина Делчево.

**Осма точка-Предлог-Одлука за вршење на отпис на побарување од купувачи;**

Образложение по точката поднесе Шабан Багашов кој рече дека со оваа одлука се врши отпис на побарување од вкупно 13 купувачи утврдени во листата на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево што е составен дел на оваа одлука.

Отписот на побарувањето се врши поради бришење на правните субјекти од член 1 на оваа одлука од евиденцијата на Централен регистар на Република Македонија, а согласно известување бр.08-1642/2 од 28.11.2017година на Централен регистар на Република Македонија.Вкупниот износ на отписот на побарување со оваа одлука изнесува 428.660,00 денари, заклучно со состојба 31.12.2017 година, а се однесува на ненаплатена кирија. И оваа одлука, како претходната и наредните 2, треба да бидат донесени заради завршната сметка, истакна Шабан Багашов.

Претседателот отвори расправа по точката и рече дека и за оваа одлука се однесува истото, а тоа е неажурност во работата и некоординираност на администрацијата на општина Делчево во изминатиов период.

Катица Трајкова Тасева рече дека носењето на вакивите одлуки не смее да се повтори во иднина, срамота е толкава сума на средства да не се наплатени заради нечија несовесна работа, неажурност и некоординација на оделенијата.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Деветта точка-Предлог-Одлука за вршење на отпис на обврски спрема добавувачи;**

Во врска со оваа точка Шабан Багашов истакна дека оваа одлука се однесува на отпис на обврски спрема вкупно 26 добавувачи утврдени во листата на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево што е составен дел на оваа одлука.Вкупниот износ на отписот на обврските со оваа одлука изнесува 479.000,00 денари, заклучно со сосстојба на 31.12.2017 година.Отписот на обврските се врши поради бришење на правните субјекти од член 1 на оваа одлука од евиденцијата на Централен регистар на Република Македонија, а согласно известување бр.08-1642/2 од 28.11.2017година на Централен регистар на Република Македонија.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за вршење на отпис на обврски спрема добавувачи;

**Десетта точка-Предлог-Одлука за вршење на отпис на застарени обврски спрема добавувачи;**

Во врска со оваа точка Шабан Багашов истакна дека оваа одлука се однесува на долг што Општината го има спрема добавувачи и се врши отпис на обврски спрема вкупно 24 добавувачи утврдени во листата на Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево што е составен дел на оваа одлука.Вкупниот износ на отписот на обврските со оваа одлука изнесува 601.111,00 денари заклучно со состојба на 31.12.2017 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Катица Трајкова Тасева која го праша образлагачот дали секоја година се врши таков отпис на таков долг?

Шабан Багашов рече дека првпат се отпишува ваков долг, првпат се прави ваков отпис.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Единаесетта точка -Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување**;

Образлагач по точката беше Стојан Димитровски-Командир на Полициска станица од општа надлежност Делчево кој рече дека овој извештај е законска обврска на командирот ан полициската станица од општа надлежност и се доставива на секои 6 месеци. Истиот се однесува на  на периодот од второто полугодие на 2017 година. Состојбата на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата во овој период се оценува како стабилна и поволна. Во областа на криминалитетот во однос на 2016 година има намалување на кривичните дела за 33%. Исто така има намалување и на имотните деликти. Какарктеристично е и благото зголемување на бројот на поднесени кривични пријави до ОЈО за смејно насилство. Во овој извештаен период во областа на криминалитетот од вкупните 16 кривични дела, 11 се расветлени.

Во областа на јавниот ред и мир е карактеристично намалување на бројот на пријавени нарушувања за 15%. Регистрирани се 45 прекршоци и се поведени 44 прекршочни барања. Најголем број на прекршоци се од областа на анрушувања на јавниот ред и мир, сторителите во најголем број се од мачки пол и најголем дел се случиле во градот.

Во областа на сообраќајот карактеристично е зголемувањето на сообраќајните несреќи за 47%. Вкупниот број на сообрачајни несреќи е 25, од кои 11 со тешки последици и 4 загинати лица. Поднесени се 175 барања за поведување прекршочна постапка, изречени 364 мандатни казни од кои 80 се наплатени, а за 176 се впишани негативни бодови.Одземени се 61 возачка дозвола, крв и урина е земено во 20 случаи, а контрола е извршено над 5327. Во патниот сообраќај се зголемени превентивните мерки врз контрола на учесниците во сообраќајот и зголемо присуство на полициските службеници на терен.Извршени се 4 асистенции по барање на други органи.

Преземени се зголемени контроли над бесправната сеча на шума и континуирано се спроведуваат контроли заедно со граничната полиција.

Во делот на пожарите има намалување на истите.

Во овој извештаен период беа одржани и Локалните избори при што ПС од ОН Делчево ги обезбеди сите предизборни митинзи, трибини. Обезбедувани се сите гласачки места на денот на гласањето и се помина во надобар ред, без нарушувања. Во це,ина работата и активноста на ПС од ОН Делчево во овој период е зголемена на сите нивоа и во сите сегменти, истакна командисрот на ПС од ОН Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која го праша командирот на што се однесуваат редовните контроли кои тој ги истакнал во своето обраложение?

Командирот рече дека станува збор за контроли на бесправна сеча на шума и кражба на дрва кои се спроведуваат редовно, а ќе се спроведуваат и во иднина.Бидејќи никој друг не се јави за збор истата беше затворена и точката ставена на гласање.

Сашко Јовановски праша дали има можности да има редовни контроли на патот преку с.Бигла бидејќи има многу возачи кои управуваат со возилата под дејство на алкохол.

Командирот рече дека дека се вршат контроли во рамките на можностите, овој пат патролно се покрива, редовни контроли не сме во можност да направиме бидејќи алкотестот го носиме од Штип.

Влатко Величковски го праша командирот на кои локации во градот има полицајци позорникари?

Командирот истакна дека позорникарите го покриваат подрачјето на градот, особено улиците „М.Тито", „Индустриска", „Булевар Македонија".

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

**Дванаесетта точка-Предлог-Решение за именување на членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка берше Сузана Петровска-Раководител на Одделението за правни и општи работи и јавни дејности која истакна дека вакво решение се донесува согласно Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево, бр.09-166/1 од 30.01.2018 година.

За членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево се именуваат:
**Драган Маневски** - член на Советот на Општина Делчево, претседател
**Сашко Ивановски** - член на Советот на Општина Делчево, член
**Љупчо Прачковски** (истакнати научни, просветни, културни и член спортски раб.)
**Миле Ѓорѓијоски** (истакнати научни, просветни, културни и член спортски раб.)
**Слободан Илиоски** (истакнати научни, просветни, културни и член спортски раб.)
**Снежана Трајкова** - државен службеник во Општина Делчево, член
**Тони Стоименовски** - државен службеник во Општина Делчево, член
Мандатот на членовите на Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Делчево трае 4 (четири) години.
Надлежностите на Комисијата се уредени во Правилникот за начинот, условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија на Општина Делчево, бр.09-166/1 од 30.01.2018 година.
Претседателот отвори расправа по точката.
За збор се јави Славица Димитрова која праша кој е Миле Ѓорѓијоски?
Претседателот на Советот рече дека Миле Ѓорѓијоски е познат сатиричар и афористичар од Кичево кој живее и работи во Делчево.
Јулија Крстевска рече дека има забелешка на составот на Комисијата во смисла дека требало да биде запазена родовата еднаквост.
Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Решението за именување на членови на Комисијата за доделување на награди и признанија на општина Делчево;

**Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Анка Костадиновска;**

Образложение по оваа точка поднесе Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам кој рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-596 од 15,08,2011 година, од страна на Анка Костадиновска ул.,, Маршал Тито,, 108 Делчево , за бесправно изграден објект , Помошен објект , означен во елаборат како зграда бр.2 изграден на КП бр. 1840

запишан во имотен лист бр. 11032 КО Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Славица Димитрова која рече дека за овие точки не била свикана Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Советот рече дека забелешката е во ред, но комисијата не била свикана бидејќи овие точки се за легализација и се од технички карактер.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Анка Костадиновска;

**Четиринаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Санде Мирчевски;**

Образложение по оваа точка поднесе Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам кој рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-729 од 17.08.2011 година, од страна на Санде Мирчевски ул. ,,К Ј Питу ,, бр, 24 Делчево за бесправно изграден објект, Помошен објект, означен во елаборат како зграда бр.2 изграден на КП бр. 3474 запишана во имотен лист бр. 9554 КО Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат помошен објект по барање на Санде Мирчевски.

**Петнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Атанас Узунски**;

Во врска со оваа точка Горан Петровски рече дека се однесува на утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Атанас Узунски од с.Тработивиште.

Претседателот отвори претрес. Бидејќи никој не се јави за збор, истиот беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат станбена куќа по барање на Атанас Узунски.

**Шеснаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат викенд куќа по барање на Магда Атанасова;**

Точката ја образложи Горан Петровски кој рече дека со оваа одлука се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ке се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект број уп I бр. 12-372 од 27,07,2011 година, од страна на Магда Атанасова ул. ,, Острец ,, бр, 53 Делчево за бесправно изграден објект, Викенд куќа.

Претседателот отвори претрес. Бидејќи никој не се јави за збор, истиот беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден

објект надвор од плански опфат  викенд куќа по барање на Магда Атанасова.

**Седумнаесетта точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат доградба на станбена куќа по барање на Атанас Узунски;**

Во врска со оваа точка Горан Петровски рече дека се однесува на  утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат - доградба на станбена куќа по барање на Атанас Узунски од с.Тработивиште.
Претседателот отвори претрес. Бидејќи никој не се јави за збор, истиот беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат-доградба на станбена куќа по барање на Атанас Узунски.

**Осумнаесетта точка-Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв извод „Хотел" изградба на 10(20) КВ кабелски вод на делница „ТС Хотел-ТС Чимеви Бавчи"-Делчево;**

Образлагач по точката беше Горан Петровски кој рече дека овие одлуки се по барање на ЕВН, а се донесуваат  врз основа на член 52 од Закон за просторно и урбанистичко планирање. Одлуката им е потребна за изработка на УПД за проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв извод „Хотел" изградба на 10(20) КВ кабелски вод на делница „ТС Хотел-ТС Чимеви Бавчи"-Делчево. Ваква одлука се донесува бидејќи далноводот е во урбанистички опфат.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 13 гласа „ЗА", Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв извод „Хотел" изградба на 10(20) КВ кабелски вод на делница „ТС Хотел-ТС Чимеви Бавчи"-Делчево;

**Деветнаесетта точка-Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за фекална канализација која поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојната населба покрај локалниот пат Л-2 од Делчево-с.Киселица-с.Вратиславци во Делчево;**

И оваа точка ја образложи Горан Петровски кој рече дека оваа одлука е за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Фекална канализација која поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојната населба покрај локалниот пат Л-2 од Делчево-с.Киселица-с.Вратиславци во Делчево. Општината има потреба од изградба на фекална канализација на тој потег. Во насловот има направено пропуст и истиот треба да гласи: „Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за фекална канализација која поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојната населба покрај локалниот пат Л-2 од Делчево-с.Киселица-с.Вратиславци во Делчево".

Претседателот отвори расправа по точката и бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе  Одлуката за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за фекална канализација која поминува низ дел од населба „Басарица" и дел од постојната населба покрај локалниот пат Л-2 од Делчево-с.Киселица-с.Вратиславци во Делчево.

**Дваесетта точка-Предлог-Одлука за изработка на урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв „Ново Делчево"-ул. „Пере Тошев"-Делчево;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека и оваа точка е по барање на ЕВН, а се однесува на Одлука за изработка на урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв „Ново Делчево"-ул. „Пере Тошев"-Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката и праша дали во насловот треба да стои „Ново Делчево" бидејќи улицата „Пере Тошев" се наоѓа во Милково Брдо.

Г.Петровски рече дека така е дадено од ЕВН, најверојатно така се вика далноводот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата и по оваа точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Дваесет и прва точка-Предлог-Одлука за изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв извод „Хотел" изградба на 10(20) КВ кабелски вод на делница „ТС Стара Кожара"-ТС Културен дом, столб пред р.Брегалница-Делчево;**

Точката ја образложи Г.Петровски кој рече дека и оваа точка е по барање на ЕВН, а се однесува на изработка на Урбанистичко проектна документација-Проект за инфраструктура за реконструкција (каблирање) на надземен ДВ 10 кв извод „Хотел" изградба на 10(20) КВ кабелски вод на делница „ТС Стара Кожара"-ТС Културен дом, столб пред р.Брегалница-Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

**Дваесет и втора точка-Предлог-Одлука за изменување на Програмата за изработка урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година;**
Образлагач беше Горан Петровски-Раководител на Одделението за урбанизам.Тој рече дека со оваа одлука се врши измена на Програмата за изработка на урбанистички планови донесена на претходната 4.седница. Измената се прави поради тоа што точката 7 од донесената Програма треба да трпи измена во делот на описот на границите на опфатот.есто да стои :
7. Детален урбанистички план за Модул М-2 дел од населба Пролет 1 Делчево, урбана единица 1 блок 1,4 со граници:
- северозапад по осовина на ул.,, М.М. Брицо,,
- југозапад по осовина на новопроектирана ул. бр.1.
-североисток по осовина на новопроектирана ул. 5 преку пешачка улица до спој со новопроектирана ул. бр.2 до спој со ул. ММ Брицо,,
Треба да стои:
7. Детален урбанистички план за Модул М-2 дел од населба Пролет 1 Делчево, урбана единица 1 блок 1,4 -измена и дополна, со граници:
- северозападна страна по осовината на улица бр. 1
- југозападна страна по осовината на улица Методија Митевски Брицо
- североисточна страна по осовината а улица бр. 5 по осовината на пешачка патека која излегува на улица бр . 2
-југоисток по осовина на улица бр. 2, до спој со пешачка улица.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, претсеадтелот ја затвори расправат по точката и одлуката ја стави на гласање.
Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.
**Дваесет и трета точка-Годишен извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во општина Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;**

Точката ја образложи Татјана Стојковска која рече дека овој Извештај содржи се што било сработено во измината 2017 година и што било предвидено во Програмата за 2017 година. Од самиот извештај може да се видат сите активности кои биле преземени во изминатиов период, временските рокови и динамиката на нивното извршување, како и финансиските средства кои биле потребни за тоа.

Во 2017 година било предвидено да се соберат 3.162.000,00 денари, а Општина Делчево на ЈПКД „Брегалница"-Делчево се исплатени 2.057.722,00 денари.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Катица Трајкова Тасева која праша како се планирани 3.162.000 денари (од надомест за јавна чистота кој изнесува 40 денари/семејство и 100 денари/правно лице, а Општината исплатила 2.057.722 денари на ЈПКД „Брегалница"-Делчево?

Т.Стојковска рече дека на ЈПКД „Брегалница" и се исплатени 2.057.722 денари бидејќи за толку пари биле извршени работи.

Кирил Тренчевски ја праша Т.Стојковска за која површина станува збор (13.900 м2) за чистење на снег и дали снегот го чисти ЈПКД или фирмата која дибила на тендер?

Т.Стојковска рече дека површината од 13.900 м2 се однесува на тротоарите во градот кои ги чисти од снег ЈПКД „Брегалница"-Делчево.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за спроведување на Програмата за јавна чистота во општина Делчево за 2017 година.

**Дваесет и четврта точка-Годишен извештај за спроведувањето на Програмата за управување со отпад во општина Делчево за 2017 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи Т.Стојковска која истакна дека согласно член 19 од Законот за управување со отпад се донесува Програма за управување со отпад за 2017 година. Која е дел од Планот за управување со отпад 2013-2017 година. Во самиот извештај се разработени неколку области со одреден број на задачи кои подетално можат да се видат од самиот извештај. Има 4 области и тоа: Област 1-Опис и отцена на постоечката состојба во управувањето со отпадот во ЕЛС Делчево, Област 2- зголемување на бројноста на садови за собирање на отпад на јавните површини, Област 3-Управување со опасен отпад, Област 4-Едукација на населението. Во секоја од нив има по неколку задачи, некои се целосно завршени, некои делумно, а некои тековно, рече таа на крајот од образложението.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена и истата ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за спроведувањето на Програмата за управување со отпад во општина Делчево за 2017 година.

**Дваесет и петта точка-Програма за одржување на јавна чистота во Општина Делчево за 2018 година.**

Образлагач и по оваа точка беше Татјана Стојковска-Виш соработник за заштита на животна средина која рече дека со Програмата се предвидени работи за одржување на јавната чистота од следните јавни површини: улици, тротоари, плоштади, кејови, мостови, паркинг простори, пазаришен простор, пешачки патеки, парковски површини и градско зеленило и други уредени отворени простори.Во одржувањето на јавната чистота ќе се извршуваат следните работи:

-Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други јавни површини,
-Миење на улиците и јавните површини,
-Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци и отстранување на атмосферски наноси,
-Чистење на снегот и мразот во зимски услови од тротоарите и јавните паркинг простори,
-Вонредно чистење во случај на елементарни непогоди и отстранување на штети од истите.
Метењето на улиците и другите јавни површини (тротоари, пешачки патеки, паркинг простори) во централното градско подрачје, каде јавните површини се со густа фреквенција на движење ќе се врши секој работен ден. Морам да истакнам дека тука се испуштени неколку зборчиња и тоа:„ освен во зимски услови кога има поголема количина на снег и мраз мразот од тротоарите и пешачките патеки" и барам ова да биде додадено во самата Прогарама, рече Т.Стојковска.Во зимски услови кога улиците се прекриени со снег и е оневозможено редовното метење на улиците и јавните површини опфатени со оваа Програма ЈПКД,,Брегалница,, Делчево ќе врши чистење на снегот од тротоарите и нивно посипување со сол и песок во централното градско подрачје како и кај детските установи, пешачки премини, мостовите, паркиралиштата и сите други прометни јавни површини во градот.
Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е обврска на самите корисници и сопственици на објектите.
Наплата на надоместокот за одржување на јавна чистота ќе ја врши ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево преку доставување на фактурите за извршени комунални услуги.
Надоместокот за одржување на јавната чистота на фактурите ќе се прикажува одвоено.
Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на буџетот на Општина Делчево. На давателот на услугата ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево исплатата ќе се врши врз основа на склучен договор по доставени фактури за извршени работи од страна на ЈПКД,,Брегалница,, Делчево.
Надзор над спроведувањето на оваа Програма врши Овластениот инспектор за комунални работи и животна средина на Општина Делчево. Во табелите што се дадени во самата програма има подетални информации, ако има прашања повелете, рече таа.
Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Кирил Тренчевски кој праша дали планираните приходи во вкупен износ 1,820.000,00 денари се од надоместокот за јавна чистота на правни и физички лица?
Т.Стојковска рече дека да, планираните приходи се тие од кои 1.416.000 од домаќинства и 404.000 од правни лица.
Драган Маневски-претседател на Советот ја праша образлагачот кој има обврска да набави садови за собирање отпад во колективните станбени згради,општината, ЈПКД или инвеститорот?
Таа рече дека обврска за тоа има инвеститорот.
Бидејќи никој друг не се јавуваше за бор, расправата и по оваа точка беше затворена и истата со забелешките беше ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за одржување на јавна чистота во Општина Делчево за 2018 година.

**Дваесет и шеста точка-Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈЛБ „Илинден"-Делчево бр.02-18/2 од 12.02.2018 година.**

Образлагач по оваа точка беше Биљана Петровска-ВД Директор на ЈЛБ „Илинден"-Делчево која рече дека согласно Известувањето од Министерството за култура и Законот за култура потребно е библиотеката да го усогласи статутот со новите законски измени. Според тоа, Управниот одвор на ЈЛБ „Илинден" донел одлука за измена на статутот на ЈЛБ „Илинден" кој на сите вас ви е доставен со материјалите. Имајќи го предвид горенаведеното бараме од советот на Општина Делчево (основач на ЈЛБ „Илинден") да даде согласнот, истакна Б.Петровска.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.
Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност на

Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ЈЛБ „Илинден"-Делчево бр.02-18/2 од 12.02.2018 година.

**Дваесет и седма точка-Полугодишен извшетај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2017/2018 со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по оваа точка беше Горан Димитровски-ВД Директор на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево кој истакна дека ова е Полугодишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски" кој што се доставува до советот на усвојување.Самиот извештај е изготвен по терк на МОН и во него се наведени:условите во кои работи училиштето, планирање и реализирање на наставата, извештај за поведение, остварени часовии изостаноци, преглед на успех, педагошка евиденција и документација, реализирани посети на учениците, други воспитно-образовни подрачја, соработка со ПС од ОН, јавни културни манифестации.Исто така се дадени и прилози како составен дел на извештајот. Доколку има прашања, повелете, рече директорот на ООУ „Св.Климент Охридски".

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извшетај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево за 2017/2018 година.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 5.седница на Советот на Општина Делчево заврши со работа во 17.00 часот.

**Записникот го водела** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Снежана Трајкова** **Претседател,**